Арх

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Државен инспекторат за животна средина - Скопје

ИП1 бр.29-88
28.03.2025г.
Скопје

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Државниот инспекторат за животна средина-Скопје,** преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012, врз основа на член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на Р.Македонија бр.50/11...102/19), член 33 од од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.99/22) и член 200 став (2) од Законот за животна средина (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр. 53/2005 бр.89/22) и Законот за управување со отпад (Сл.Весник на Р.Северна Македонија бр.216/21) по извршениот редовен инспекциски надзор на 26.03.2025 год. во фабриката за преработка на овошје и зеленчук на Фруктал Мак АД с. Морани на ул.5, бр.41 во с.Морани општина Студеничани, застапувано од управителот Зоран Ѓуриќ, во врска со задолженијата од Б-ИЕД, а заради отстранување на недостатоците утврдени во записникот ИП1 бр.29-88 од 26.03.2025г. донесе:

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува **Фруктал Мак АД с. Морани** на ул.5, бр.41 во с.Морани општина Студеничани, застапувано од управителот Зоран Ѓуриќ, во фабриката за преработка на овошје и зеленчук во с. Морани, општина Студеничани :

- Да изврши мерење на емисија на гасови ( $SO_2$, $H_2S$, $NO_2$, CO, прашина и чаднокатрански број ) од оџакот на котларата за пареа која работи на мазут за потребите на фабриката , согласно А-И. Е. Дозвола издадена од МЖСПП и да изврши анализа на отпадните води што се испуштаат од таложникот во канализациската мрежа.

  Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.
- Да достави годишен извештај за постапување со отпадот за 2024 година до МЖСПП,

  Рок за отстранување на недостатоците е **5 (пет) дена** од приемот на решението.
- Да склучи договор со овлстен собирач на отпадни масла и мазут и веднаш да ги предаде на собирачот затекнатите количини на отпадни масла.

  Рок за отстранување на недостатоците е **15 (петнаесет) дена** од приемот на решението.
- Да изгради танквана со настрешница на местото каде се чуваат отпадните масла во буриња. Танкваната да се заклучува за пристап до бурињата.

  Рок за отстранување на недостатоците е **90 (девеесет) дена** од приемот на решението.

[redacted]

2) Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 200 став 4 од Законот за животна средина.

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот инспекторат за животна средина - Скопје, преку Државниот инспектор за животна средина-советник Мите Начев од Скопје со службена легитимација бр. 06-0012 на ден 26.03.2025 год. ., изврши редовен инспекциски надзор во врска со задолженијата од Б-ИЕД во фабриката за преработка на овошје и зеленчук на ул.5, бр.41 во с.Морани општина Студеничани на **Фруктал Мак АД с. Морани**, при што констатира дека Фруктал Мак АД, с. Морани Скопје во производниот погон лоциран во с. Морани општина Студеничани врши производство на сокови од овошје и зеленчук, за која дејност поседува Б-Интегрирана еколошка дозвола бр. УП-11/3-76/2020 издадена од МЖСПП на 05.10.2020 год..

Годишен извештај за постапување со отпадот за претходната 2024 год. нема доставено до МЖСПП. Има изготвено програма за управување со отпад за годините од 2024 год. до 2026 година и истата е предадена во МЖСПП на 12.12.2023 год.Според Б-ИЕД фреквенција на мерење на емисија на гасови во воздухот од стационарниот извор-оџакот на котларата на мазут за загревање на фабриката е два пати годишно.

Во 2025 год. досега има направено едно мерење на емисија на гасови од котларата на мазут за производство на пареа која се користи во производниот процес. Мерењето и анализата на емисија на гасови од котларата направено е на 17.03.2025 год., при што е направен лабораториски извештај бр.139/25 од 20.03.2025 год., каде стои дека има надминување на граничните вредности на емисија на концентрациите на параметрите цврсти честички и азотни оксиди.

Фабриката Фруктал Мак АД Скопје со вода се снабдува од водоводната мрежа на општината, а отпадната вода се испушта во канализацискиот систем на општината. Со подземна вода фабриката не се снабдува, односно не користи бунарска вода. На 17.03.2025 год.направено е мерење и анализа на отпадната вода во канализацискиот систем, при што е изготвен лабораториски извештај со бр.140/25 од 20.03 2025 год. каде стои дека има надминување на граничните вредности на испитуваните параметри нитрити во отпадната вода, која преку таложник се излева во канализацијата.

Пред котларата затекнати се шест метални буриња од 200 кг. со отпадно компресионо масло измешано со вода и три метални буриња од 200 кг. отпаден мазут. Околу бурињата нема танквана.

Нема склучено договор со овластено правно лице за собирање на отпадни масла.

Во врска со горенаведеното, Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот и задолженијата од Б-ИЕД, се постапи како во диспозитивот на Решението.

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен Инспекторат за животна средина-Скопје**

Палата Емануел Чучков 5-ти кат
Ул. Бихаќка бр.2
1000 Скопје
Сајт: www. sei.gov.mk

**Правна поука**: Против ова Решение согласно со членот 208 став 8 од Законот за животна средина може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под ИП1 број 29-88 од 28.03.2025г.

**Доставено до :**

- Архива
- Фруктал Мак АД с. Морани
Ул. 5, бр.41 во с.Морани општина Студеничани

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА